РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-513/1
28-01-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 27-та седница одржана на 23.01.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2991/1 од 20.11.2024 година, оформен по доставена пријава против лицата ----, поранешен Градоначалник на ---- и ----, поранешен в.д. директор на Средното медицинско училиште ---- "----", **СЕ ЗАПИРА.**

Наводите изнесени во пријавата со бр. 12-2991/1 од 20.11.2024 година, **СЕ ПОТВРДУВААТ.**

За констатираните прекршувања на законските одредби, ДКСК ќе постапи согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган – ----.

Предметот со бр. 12-2991/1 од 20.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 20.11.2024 година, поднесена е пријава против лицата ----, поранешен Градоначалник на ---- (понатаму: Градоначалник) и ----, поранешен в.д. директор (понатаму: в.д директор) на Средното медицинско училиште ---- "----" и оформен е предмет бр. 12-2991/1 од 20.11.2024 година.

Подносителот на пријавата наведува дека лицето ----, наставник во Средното медицинско училиште ---- "----", спротивно на Законот за средно образование

добило три последователни в.д. директорски мандати од страна на Градоначалникот. Дополнително, истото лице не ги исполнувало условите за вршење на споменатата функција од причина што немал положено директорски испит, ниту пак поседувал меѓународен сертификат за познавање на странски јазик. Подносителот на пријавата, исто така навел и дека Училишниот одбор при горенаведеното училиште, согласно закон се имал обратено до Градоначалникот со барање да се распише јавен оглас за директор, но истото било игнорирано.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до град ---- и до Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ).

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:

Град ---- достави докази дека в.д директорот поседува Уверение за положен испит за директор на основно училиште, средно училиште и ученички дом со деловоден бр. ---- од 21.05.2024 година, издадено од Државен испитен центар, како и Сертификат за познавање на англиски јазик BULATS од 09.12.2022 година.

ДПИ извршил вонреден инспекциски надзор во училиштето, по што во Записник УП1.Број: ---- од 10.10.2025 година, било констатирано следното:

1. Лицето ---- била разрешена со Решение бр. ----/1 од 06.11.2023 година за разрешување на директор на СМУ---- „----" - ---- поради истекот на мандат.

2. Училишниот Одбор до Градоначалникот имал доставено Предмет: Барање бр. ---- од 17.08.2023 година, согласност за распишување јавен оглас за Директор на СМУ---- „----" - ----, врз основа на Одлука бр. ---- од 16.08.2023 година донесена од Училишниот одбор на училиштето, од состанок одржан на ден: 16.08.2023 година. ДПИ навел дека причината поради која Градоначалникот не постапил по истото, неможела да биде предмет на толкување од страна на инспекторатот.

3. ДПИ навел дека претходните три последователни избори на в.д. директорот се донесени пред стапувањето на сила на новата измена од Законот, каде што не бил пропишан рокот за именување на в.д. директор.

Дополнително, во однос на барањето од страна на ДКСК за непочитување на одредбите од Законот за средно образование, каде е наведено дека: "Градоначалникот е потребно да донесе одлука училишниот одбор да објави јавен оглас за директор", и барање информација за причините за непочитувањето на одредбите од Законот од страна на Градоначалникот, Државниот просветен инспекторат повторно се оградил, односно навел дека

неможе да толкува непочитување на одредби од Закон од страна на Градоначалник на ----.
На денот на надзорот до ДПИ било приложено Решение бр. ---- од 17.11.2025 година, за именување на в.д. директор на Средното медицинско училиште ----, од страна на Градоначалникот на ----, додека мандатот на претходниот в.д. директор ----) бил истечен на ден 12.11.2025 година.
Врз основа констатираната состојба ДПИ ја запрел постапката.

Од фактичката состојба, ДКСК утврди дека наводите изнесени во поднесената Претставка се основани, поради тоа што:

1.Градоначалникот го прекршил член 92-а од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/2020), односно бил должен три месеци пред истекот на мандатот на постојниот директор на ден 06.11.2023 година, да донесе одлука училишниот одбор да распише јавен оглас за избор на директор.

2. Видно од Историјатот на промени на субјектот Средното медицинско училиште ---- "----", не биле извршувани промени за измена на мандати во Централниот регистар од првото именувањето на лицето ----за в.д. директор (не се пријавени решенијата за второто и третото именување), па се до именувањето на новиот в.д. директор на 17.11.2025 година.

Дополнително, видно од предметната документација, лицето ---- бил именуван за в.д. директор на ден 08.11.2023 година, додека испитот за директор го положил на ден 20.05.2024 година, што би претставувало прекршување на член 91, а во врска со член 93-в од Законот за средно образование, доколку од редот на вработените во тој момент имало лице коешто ги исполнувало условите за директор.

Имајќи го предвид сето погоренаведено, ДКСК утврди дека наводите се потврдуваат, за констатираните прекршувања на законските одредби ќе постапи

согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и ќе иницира постапка до надлежен орган - ----, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК